Врз основа на член 227, став (4) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/05, 25/07, 07/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 83/18) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 14.08.2019 година донесе

**ТАРИФНИК**
**за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност**

**Член 1**

Во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/20, 94/11, 174/11, 112/12 181/14 и 167/18), во членот 1 во табелата "Вид на услуги согласно Законот за хартии од вредност" во точката 15 во "Висина на надоместок" износот "12.500" се заменува со износот "10.000".

Во точката 16 во "Висина на надоместок" износот "25.000" се заменува со износот "20.000".

По точката 17 се додава нова точка 17а која гласи:

"

| | | |
|---|---|---|
| 17а | Надоместок за полагање на стручен испит за вршење на работи со хартии од вредност | 2.500 денари |

"

По точката 18 се додава нова точка 18а која гласи:

"

| | | |
|---|---|---|
| 18а | Надоместок за полагање на стручен испит за инвестиционо советување | 5.000 денари |

"

Во точката 30 по зборот "известување" се додаваат зборовите "за друштвата кои доставиле извештаи во претходната година."

Во табелата "Вид на услуги согласно Законот за преземање на акционерски друштва" во точката 1 во "Висина на надоместок" по зборот "преземањето" се додаваат зборовите "и од хартиите од вредност со кои е надминат контролниот праг на преземање".

**Член 2**

Во членот 2 во ставот (9) процентот “0,25%” се заменува со процентот “2,5%”.

**Член 3**

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**Број 01-830/7**
**Скопје**
**14-08- 2019 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT * СКОПЈЕ - SHKUP